ЗЕЛС 50 години заедно со општините

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

BNJVL 50 vite bashkë me komunat

Мај 2023
Maj 2023



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА
ВО ПОШТА 1020 СКОПЈЕ



Почитувани,

Генералното собрание на ЗЕЛС, во мај, ја одржа четвртата седница на која делегатите дискутираа за актуелните предизвици од работењето на единиците на локалната самоуправа. Посебно внимание беше посветено на состојбите со територијалните противпожарни единици, односно недоволните финансиски средства што централната власт им ги префрла на општините за спроведување на оваа надлежност. Пред делегатите на Генералното собрание говореше претставник од Министерството за животна средина, што беше договорено на средбата што претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, ја имаше на почетокот на овој месец со министерката Каја Шукова. Делегатите беа запознаени со активностите за реализација на двата заема на државата: едниот наменет за подобрување на општинските услуги и заемот од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во висина од 55 милиони евра, наменет за воспоставување на регионален систем за управување со отпадот (регионални депонии), што беше и реализирано. На оваа седница, претседателот на ЗЕЛС говореше за реализацијата на активностите на ЗЕЛС од минатата година, при што, на крајот од своето обраќање, го потенцираше значењето на единството во ЗЕЛС за постигнување на натамошни успеси во лобирањето на општините пред централната власт. Делегатите го изгласаа Финансискиот извештај на ЗЕЛС за минатата година, како и мерките за поттикнување на ажурно плаќање на членарината кон ЗЕЛС.

Во административната зграда на Општина Охрид, Управниот одбор на ЗЕЛС ја одржа седумнаесеттата седница, а градоначалникот на општината домаќин, Кирил Пецаков, кој воедно е и член на ова тело, им посака добредојде и успешна работа на присутните. На седницата беше избран претставник од ЗЕЛС во АРЛЕМ, постојано собрание кое ги обединува локалните и регионални власти од трите брега на Средоземното Море, а беше изгласана и промена на двајца членови на Комитетот на советите на ЗЕЛС. Утврдените заклучоци за унапредување на состојбите со противпожарните територијални единици беа усвоени од Генералното собрание. На оваа седница беше формирана и работна група за утврдување на предлог-законски решенија за иницијативата за конфискација на нелегално изградените објекти.

Во текот на овој месец, ЗЕЛС имаше и други активности од кои ќе ја издвојам обуката за финансиските работници од општините за користење на ЕСПЕО - „Постапки и алатки за внесување на податоци во електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски“. ЗЕЛС, како акредитиран технички секретаријат за нашата земја за програмата за сертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ СЕЕ), на 22 и 23 мај 2023 година, организираше обука за кандидати за БФЦ СЕЕ евалуатори, како подготовка за имплементирање на четвртата едиција од програмата за БФЦ СЕЕ. ЗЕЛС, заедно со Мисијата на ОБСЕ во нашата земја, организираше работилница – „Промовирање на родовите аспекти во работата на единиците на локалната самоуправа“, пред сè наменета за новите членови на лоби-групата при ЗЕЛС за родова еднаквост.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së në muajin maj mbajti seancën e katërt në të cilën delegatët diskutua mbi sfidat aktuale nga puna e njësive të vetëqeverisjes lokale. Vëmendje e veçantë i'u përkushtua gjendjeve me njësitë territoriale zjarrfikëse, respektivisht mjeteve të pamjaftueshme financiare që pushteti qendror u'a transferon komunave për zbatimin e kësaj kompetence: Para delegatëve të Kuvendit Gjeneral foli përfaqësuesi i Ministrisë për mjedis jetësor, i cili foli mbi atë që është dakorduar në takimin që kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski e pati në fillim të këtij muaji me ministren Kaja Shukova. Delegatët u informuan mbi aktivitetet për realizimin e dy kredive të shtetit: njëri u dedikua për përmirësimin e shërbimeve komunale dhe kredia nga Banka Evropiane për Rindërtim dhe Zhvillim (BORZH) në lartësi prej 55 milion euro, të dedikuar për themelimin e sistemit për menaxhim me mbeturinat (deponitë rajonale), që u realizua. Në këtë seancë kryetari i BNJVL-së, foli lidhur me realizimin e aktiviteteve të BNJVL-së nga viti i kaluar që në fund të fjalimit të tij e potencoi rëndësinë e unitetit në BNJVL për arritjen e sukseseve të mëtejme në lobimin e komunave para pushtetit qendror. Delegatët votuan Raportin financiar të BNJVL-së vitin e kaluar, si dhe masat për nxitjen e pagesës së azhurnuar të anëtarësisë ndaj BNJVL-së.

Në ndërtesën administrative të komunës së Ohrit, Bordi drejtues i BNJVL-së mbajti seancën e shtatëmbëdhjetë, ndërsa kryetari i komunës nikoqire, Kirill Pecakov, i cili njëkohësisht është edhe anëtar i këtij trupi, u dëshiroi mirëseardhje dhe punë të suksesshme të pranishmëve. Në seancë u zgjodh përfaqësuesi i BNJVL-së në AEMRL, asambleja e përhershme e cila bashkon pushtetet lokale dhe rajonale në të tria brigjet e Detit Mesdhe, ndërsa u votua edhe ndërrimi i dy anëtarëve të Komitetit të këshillave të BNJVL-së. Konkluzionet përcaktuara për avancimin e gjendjeve me njësitë territoriale zjarrfikëse u miratuan në Kuvendin Gjeneral. Në këtë seancë u formua edhe grupi punues për përcaktimin e propozim-zgjidhjeve për iniciativën për konfiskimin e objekteve të ndërtuara në mënyrë ilegale.

Gjatë këtij muaji BNJVL pati edhe aktivitete tjera prej të cilave do t'a veçoj organizimin e trajnimit për punonjësit financiar nga komunat për shfrytëzimin e SERED - ,,Procedurat dhe instrumentet për vendosjen e të dhënave në sistemin elektronik për regjistrim dhe evidencë të detyrimeve". BNJVL, si sekretariat teknik i akredituar për vendin tonë për programin për certifikim të qyteteve dhe komunave me ambient të favorshëm për biznes në Evropën Juglindore (BFC SEE), më 22 dhe 23 maj 2023, organizoi trajnim për kandidatët për evaluatorët BFC SEE, si përgatitjen për implementim të edicionit të katërt nga programi për BFC SEE së bashku me Misionin e OSBE-së në vendin tonë organizoi punëtori - ,,Promovimi i aspekteve gjinore në punën e njësive të vetëqeverisjes lokale", para se gjithash të dedikuar për anëtarët e ri të Grupit lobues në kuadër të BNJVL-së për barazi gjinore.

Me respekt,

Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. ,, Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, на 8 мај 2023 година, во административната зграда на ЗЕЛС, имаше средба со министерката за животна средина и просторно планирање, на нејзина иницијатива. На средбата се дискутираше за можностите за подобрување на заемната комуникација и размената на информации и податоци во насока на што поуспешна реализација на двата заема што ги подигна државата за подобрување на условите и услугите на граѓаните. Станува збор за заемот од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка) во висина од 50 милиони евра наменет за подобрување на општинските услуги и заемот од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), во висина од 55 милиони евра, наменет за воспоставување на регионален систем за управување со отпадот (регионални депонии).

Во однос на реализацијата на средствата од Светска банка, за подобрување на општински услуги, министерката Шукова посочи дека за да може да се обезбеди најефикасен и најекономичен начин да се искористат овие средства од страна на локалната власт, неопходно е уште на самиот почеток да се идентификуваат реалните потреби на единиците на локалната самоуправа, да се направи добра анализа, проверка на состојбите, а за што на МЖСПП му е потребна поддршка од ЗЕЛС. Таа изрази надеж дека до крајот на оваа година, по формирањето на проектна канцеларија и утврдувањето на методологија за условите и за распределбата на средствата, општините ќе може да аплицираат на јавниот повик.

Во однос на вториот проект, воспоставување на регионален систем за управување со отпадот,

## TAKIMI I KRYETARIT TË BNJVL-SË ME MINISTREN PËR MJEDIS JETËSOR DHE PLANIFIKIM HAPËSINOR

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski më 8 maj, 2023, në ndërtesën administrative të BNJVL-së pati takim me ministren për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, në iniciativën e saj. Në takim u diskutua mbi mundësitë për përmirësimin e komunikimit të ndërsjellë dhe shkëmbimin e informacioneve dhe të dhënave në drejtim të realizimit më të suksesshëm të dy institucioneve lidhur me përmirësimin e kushteve dhe shërbimeve të qytetarëve. Bëhet fjalë për borxhin nga Banka ndërkombëtare për rinovim dhe zhvillim (Banka Botërore) në lartësi prej 50 milion euro të dedikuar për përmirësimin e shërbimeve dhe borxhin nga Banka evropiane për rinovim dhe zhvillim (BERZH) në lartësi prej 55 milion euro të dedikuar për themelimin e sistemit për menaxhim me mbeturinat (deponitë rajonale).

Lidhur me realizimin e fondeve nga Banka Botërore për përmirësimin e shërbimeve komunale, ministrja Shukova theksoi se për të siguruar mënyrën sa më efikase dhe ekonomike të shfrytëzimit të këtyre mjeteve nga pushteti lokal, është e nevojshme të identifikohen nevojat reale nga nevojat fillestare të njësive të vetëqeverisjes lokale për të bërë një analizë të mirë, shqyrtim të gjendjeve, për të cilat Ministria për arsim dhe kulturë ka nevojë për përkrahje nga BNJVL. Ajo shprehu shpresën se deri në fund të këtij viti, pas themelimit të zyrës së projektit dhe përcaktimit të metodologjisë për kushtet dhe ndarjen e mjeteve, komunat do të mund të aplikojnë në thirrjen publike.

Lidhur me projektin e dytë për ngritjen e sistemit rajonal të menaxhimit të mbetjeve, ministri informoi



министерката информираше дека средствата од ЕБОР ќе ги искористат за обезбедување на дополнителна документација, онаму каде што недостасува; изградба на претоварни станици и за набавка на опрема и средства за транспорт за општините (јавните комунални претпријатија) за селектирање и депонирање на отпадот. Притоа, таа посочи дека од голема важност е и спроведувањето на соодветна кампања преку која граѓаните ќе бидат запознаени со целиот процес, но и со нивниот значаен придонес за реализацијата на крајната цел - општини без отпад. Во таа насока, министерката уште еднаш посочи дека за реализирање на сите подготовки за беспрекорно функционирање на целиот систем, соработката со единиците на локалната самоуправа, со регионалните центри и јавните комунални претпријатија е од клучно значење. Таа потсети на законските обврски на општините, меѓу кои и обврската за склучување на договори со колективните постапувачи.

### Потребна база на податоци за распределбата на средствата за капитални инвестиции

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, изрази задоволство од намерата на МЖСПП да ги вклучи ЗЕЛС и општините уште на самиот почеток на реализацијата на многу важни проекти за локалната власт, да ги слушне нивните потреби и да ги утврди реалните состојби на терен. Ѓорѓиевски нагласи дека ЗЕЛС им стои на располагање, во рамките на своите можности, да биде партнер на Министерството при реализацијата на овие проекти што се од суштинско значење за граѓаните. Тој нагласи дека го дели мислењето со министерката за потребата од обезбедување соодветна база на податоци, која ќе ја надградуваат сите релевантни субјекти и преку која ќе се обезбедат информации за реалните состојби, за вистинските потреби на локалната власт и транспарентност во распределбата на средствата за капитални инвестиции. На состанокот, Ѓорѓиевски го покрена прашањето и за потребата од воведување на комунална полиција, што е долгогодишна заложба на ЗЕЛС, утврдена во Систематизираните ставови, но и во предлозите доставени до Владата на РСМ за реформи во процесот на децентрализација на власта. Беше посочено дека треба да се направат напори и за подобрување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа во областа на животната средина, а преку соодветни кампањи заедно со МЖСПП да им се објасни на граѓаните за начините на селектирање на отпадот, но и за натамошното утврдување на соодветната висина на комуналната такса за оваа намена.

Состанокот заврши во знакот на отвореност за воспоставување на искрена и суштинска соработка меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и ЗЕЛС, при што претседателот на ЗЕЛС ја покани министерката да присуствува на седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, каде што и подетално би поразговарале за начинот на реализација на овие проекти, но и за други предизвици на локалната самоуправа во оваа област. Министерката со задоволство ја прифати поканата.

se fondet e BERZH do të përdoren për sigurimin e dokumentacionit shtesë, aty ku mungon; ndërtimi i stacioneve të transportit dhe furnizimi i pajisjeve dhe mjeteve të transportit për komunat (ndërmarrjet publike) për përzgjedhjen dhe depozitimin e mbeturinave. Njëkohësisht ajo theksoi se me rëndësi të madhe është realizimi i një fushate adekuate, përmes së cilës qytetarët do të informohen për mbarë procesin, por edhe për kontributin e tyre të rëndësishëm drejt realizimit të qëllimit përfundimtar – komunat pa mbeturina. Në këtë drejtim, ministri theksoi edhe një herë se për realizimin e të gjitha përgatitjeve për funksionimin pa të meta të të gjithë sistemit, rëndësi vendimtare është bashkëpunimi me njësitë e vetëqeverisjes lokale, qendrat rajonale dhe ndërmarrjet publike. Ajo rikujtoi detyrimet ligjore për komunat në këtë drejtim, duke përfshirë edhe detyrimin për të lidhur marrëveshje me aktorët kolektivë.

### Baza e të dhënave të nevojshme për shpërndarjen e mjeteve për investimet kapitale

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, shprehu kënaqësinë e tij lidhur me synimet e Ministrisë për arsim dhe kulturë të përfshijë BNJVL-në dhe komunat që në fillim të realizimit të projekteve shumë të rëndësishme për pushtetin lokal, për të dëgjuar nevojat e tyre dhe përcaktoni kushtet aktuale në terren. Gjorgjievski theksoi se BNJVL është në dispozicion, në kuadër të mundësive të saj, të jetë partner i ministrisë në realizimin e këtyre projekteve, të cilat janë me rëndësi thelbësore për qytetarët. Ai theksoi se ndan mendimin me ministrin për nevojën e sigurimit të një baze të përshtatshme të të dhënave, e cila do të përditësohet nga të gjitha subjektet përkatëse dhe përmes së cilës do të jepet informacion për gjendjen reale, për nevojat reale të pushtetit lokal dhe transparencën në shpërndarjen e investimeve kapitale. Në takim, Gjorgjievski e ngriti edhe çështjen e nevojës për themelimin e policisë komunale, që është përkushtim i kahershëm i BNJVL-së, i konstatuar në qëndrimet e sistematizuara, por edhe në propozimet e dorëzuara në Qeverinë e RMV për reforma në procesin e decentralizimit të pushtetit. U përmend se duhet bërë përpjekje edhe lidhur me përmirësimin e kapaciteteve të njësive të vetëqeverisjes lokale në pjesën e mjedisit jetësor, ndërsa përmes fushatave adekuate së bashku me MMJPH t'u shpjegohet qytetarëve lidhur me mënyrat e selektimit të mbeturinave por edhe në pjesën e përcaktimit të mëtejmë të lartësisë së taksës komunale mbi këtë dedikim.

Mbledhja përfundoi në shenjë të hapjes së themelimit të sinqertë dhe bashkëpunimit thelbësor midis Ministrisë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor dhe BNJVL-së, me ç'rast kryetari i BNJVL-së e ftoi ministren të merr pjesë në seancën e Bordit drejtues të BNJVL-së, ku më detajisht do të bisedonin mbi mënyrën e realizimit të projekteve në fjakë, por edhe për sfida tjera të vetëqeverisjes lokale në këtë lëmi. Ministrja me kënaqësi e pranoi ftesën.

## ЈАКНЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ – ФАЗА 2

Проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ се спроведува во неколку компоненти од кои општините се директно засегнати во две: обезбедување финансиска помош во изработка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамките на фондот за техничка документација и изработка на развојни планови за 12 избрани општини/плански центри. За првата е објавен првиот повик од фаза 2 за аплицирање на општините со рок до 18 мај 2023 година. За втората компонента „Методолошки насоки за подготовка на Интегрирани планови за локален развој (ИПЛР) се одржаа работилници за претставници од општините и од центрите на планските региони во Охрид и во Струмица (на 4-5 мај 2023 и на 9-10 мај 2023 година) по што ќе следува аплицирање и селектирање на ЕЛС кои заедно со експерти на УНДП ќе работат на изработка на локалните развојни планови. Претставниците од одделенијата за локален економски развој од општините имаа можност да се запознат со методолошкиот пристап кој би се применил во изработката на локалните развојни планови, како и да дебатираат околу видливоста на неговата примена од општините.

**Интегрираниот план за локален развој е лична карта на општината**

Интегрираниот план/стратегија за локален развој (ИПЛР) е лична карта на општината. Планот треба да ги одразува реалните потреби, аспирации и можности на локалната заедница и треба да им помогне на локалните самоуправи да ги артикулираат своите стратешки приоритети за подобро приспособување на националните стратешки документи и полесна комуникација со потенцијалните донатори. Клучната цел на процесот на планирање е систематски и партиципативно да се работи на иднината на општината, чии резултати се идни програми и проекти кои ќе донесат промени во заедницата. Успешното спроведување на развојните планови бара приспособување на постојните организациски структури и обезбедување на соодветни човечки капацитети, што ги прави локалните самоуправи способни да одговорат на предизвиците што ги носат развојниот менаџмент и проектните пристапи. Надворешната координација во управувањето со локалниот развој подразбира како комуницираат општините со релевантните надворешни чинители. Тимот за развој на општината и партнерската група се добри алатки за комуникација во заедницата.

Општи принципи во процесот на подготовка на Интегрираниот план за локален развој се: а) вклучување активности што придонесуваат за економски, социјален и територијален развој и кохезија, односно да ги вградат сите аспекти од животот на општините и нивниот рамномерен развој, наспроти сегашните планови кои се базирани на област – подрачје; б) да има логична рамка од анализа до дефинирани цели и очекувани резултати; в) секој нов ИПЛР треба да се гради врз постојните планови и научените лекции од

## PËRFORCIM I KAPACITETEVE KOMUNALE PËR IMPLEMENTIMIN E PROJEKTEVE – FAZA 2

Projekti „Përforcim i kapaciteteve komunale për implementimin e projekteve” zbatohet në disa komponenti prej të cilave komunat drejtpërdrejtë janë të tanguara në dy prej tyre: sigurimi i ndihmës financiare në hartimin e dokumentacionit teknik për projektet prioritare infrastrukturore në kuadër të Fondit për dokumentacion teknik dhe hartimi i planeve zhvillimore për 12 komuna të zgjedhura/qendrat planifikuese. Për të parëm u hap thirrje nga Faza 2 për aplikimin e komunave me afat deri më 18 maj, 2023. Për komponentin e dytë, në drejtim të „Drejtimeve metodologjike për përgatitjen e Planeve të integruara për zhvillim lokal (PIZHL) u mbajt punëtori për përfaqësuesit e komunave nga qendrat dhe rajonet planifikuese në Ohër dhe në Strumicë, (më 4-5 maj, 2023 dhe më 9-10 maj, 2023 ) me ç’rast do të ndjekë aplikimi dhe selektimi i NJVL të cilat së bashku me ekspertët e UNDP do të punojnë në hartimin e planeve zhvillimore lokale. Përfaqësuesit e seksioneve për zhvillim ekonomik lokal nga komunat patën mundësi të informohen me metodologjinë që do të zbatohej në përpilimin e planeve lokale zhvillimore, si dhe të debatojnë mbi identifikimin e zbatimit të tij nga ana e komunave.

**Plani i integruar për zhvillim lokal është dokument identifikimi i komunave**

Plani/strategjia e integruar për zhvillim lokal (PIZHL) është dokument identifikimi i komunës. Plani duhet të pasqyrojë nevojat reale, aspiratat dhe mundësitë e bashkësisë lokale dhe duhet të ndihmojë qeveritë lokale të artikulojnë prioritetet e tyre strategjike për përshtatje më të mirë me dokumentet strategjike nacionale dhe komunikim më të lehtë me donatorët potencial. Qëllimi kryesor i procesit të planifikimit është që në mënyrë sistematike dhe pjesëmarrëse të punohet për të ardhmen e komunës, rezultatet e së cilës janë programe dhe projekte të ardhshme që do të sjellin ndryshime në bashkësi. Zbatimi me sukses i planeve zhvillimore kërkon përshtatjen e strukturave ekzistuese organizative dhe sigurimin e kapaciteteve të duhura njerëzore, gjë që i bën pushtetet lokale të afta t'i përgjigjen sfidave që sjell menaxhimi i zhvillimit dhe qasjet e projekteve. Koordinimi i jashtëm në menaxhimin e zhvillimit lokal nënkupton mënyrën se si komunat komunikojnë me palët relevante të interesuara të jashtme. Ekipi i zhvillimit komunal dhe grupi i partneritetit janë mjete të mira për komunikim në bashkësinë.

Parimet e përgjithshme në procesin e përpilimit të një plani të integruar për zhvillimin lokal janë: a) përfshirja e aktiviteteve që kontribuojnë në zhvillimin dhe kohezionin ekonomik, social dhe territorial, d.m.th të përfshijë të gjitha aspektet e jetës së komunës dhe zhvillimin e ekuilibruar i tyre, në të kundërtën në planet aktuale që bazohen në sipërfaqe – zonë; b) të ketë një kuadër logjik nga analiza deri te qëllimet e përcaktuara dhe rezultatet e pritura; c) çdo PIZHL i ri duhet të ndërtohet mbi planet ekzistuese dhe mësimet e nxjerra nga proceset e mëparshme të planifikimit (monitorimi dhe vlerësimi); ç) integrimin e

претходните процеси на планирање (мониторинг и евалуација); г) интегрирање на родовата еднаквост и еднакви можности за сите општествени групи, одржлив развој, добра практика за управување и партиципативен пристап кон развојот; д) да биде усогласен со сите постоечки релевантни стратешки документи; ѓ) партиципативно учество во процесот и е) потпис од градоначалникот и одобрен од Советот на општината.

**Планирањето на интегриран локален развој е насока за постигнување социјална, економска и територијална кохезија и зелена транзиција**

Планирањето на интегриран локален развој е на линија со поставување клучни релевантни политики на ЕУ за локален развој насочени кон постигнување социјална, економска и територијална кохезија и зелена транзиција. Кохезионата политика на ЕУ придонесува за зајакнување на економската, социјалната и територијалната кохезија во Европската Унија, со цел да осигура рамномерен развој меѓу земјите и регионите. Во неа се утврдени политичките приоритети на Унијата, особено зелената и дигиталната транзиција.

Проектот БМЦПИ (Building Municipal Capacities for Project Implementation) има цел да ги зголеми капацитетите на локалните самоуправи во дизајнирање и спроведување на проектите за локален развој и инфраструктура. Главните компоненети на проектот вклучуваат: 1. воведување индекс за развој на општината (МДИ); 2. спроведување на функционална анализа (ФА) на системот на локална самоуправа во земјата; 3. воведување фонд за техничка документација (ТДФ) како модел на финансиски инструмент за подготовка на техничката документација за реализација на приоритетните инфраструктурни проекти на локално ниво.

Фазата 2 на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ (БМЦПИ) е поддржана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка, спроведувана од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во партнерство со Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој, ЗЕЛС, општините, како и Центрите за развој на планските региони.

barazisë gjinore dhe mundësive të barabarta për të gjitha grupet sociale, zhvillimin e qëndrueshëm, praktikat e mira të menaxhimit dhe një qasje pjesëmarrëse ndaj zhvillimit; d) të jetë në përputhje me të gjitha dokumentet përkatëse strategjike ekzistuese; dh) pjesëmarrjen me pjesëmarrje në proces dhe e) nënshkrimin e kryetarit dhe të jetë i miratuar nga Këshilli i komunës.

**Planifikimi i zhvillimit lokal të integruar është rruga drejt arritjes së kohezionit social, ekonomik dhe territorial dhe tranzicionit të gjelbër**

Planifikimi i integruar i zhvillimit lokal është në përputhje me përcaktimin e politikave kyçe përkatëse të BE-së për zhvillimin lokal që synojnë arritjen e kohezionit social, ekonomik dhe territorial dhe tranzicionit të gjelbër. Politika e kohezionit e BE-së kontribuon në përforcimin e kohezionit ekonomik, social dhe territorial në Bashkimin Evropian, në mënyrë që të sigurohet zhvillim i balancuar ndërmjet vendeve dhe rajoneve. Në të përcaktohen prioritetet politike të BE-së, veçanërisht tranzicioni i gjelbër dhe dixhital.

Projekti BMCPI (Building Municipal Capacities for Project Implementation) synon të rrisë kapacitetet e pushtetit lokal në hartimin dhe zbatimin e projekteve për zhvillimin dhe infrastrukturën lokale. Komponentët kryesorë të projektit përfshijnë: 1. Prezantimi i Indeksit të Zhvillimit Komunal (MDI), 2. Zbatimi i Analizës Funksionale (AF) të sistemit të vetëqeverisjes lokale në vend, dhe 3. Fondi i Dokumentacionit Teknik (TDF) si një model të instrumentit financiar për përgatitjen e dokumentacionit teknik për realizimin e projekteve infrastrukturore më prioritare në nivel lokal.

Faza 2 e ,,Përforcimit të kapaciteteve për zbatimin e projekteve" (BMCPI) – përkrahet nga Agjencia zvicërane për bashkëpunim zhvillimor, të zbatuar nga Programi për zhvillim të Kombeve të Bashkuara (UNDP), në partneritet me Ministrinë për vetëqeverisje lokale, Byroja për zhvillim rajonal, BNJVL, komunat si dhe Qendrat për zhvillim të rajoneve planifikuese.



## ОПШТИНА ОХРИД ДОМАЌИН НА СЕДУМНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

Седумнаесеттата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС се одржа на 11 мај 2023 година, во административната зграда на Општина Охрид. Градоначалникот на општината домаќин, Кирил Пецаков, кој воедно е и член на ова тело, им посака добредојде и успешна работа на присутните членови на Управниот одбор. На седницата се дискутираше за предизвиците со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа при спроведувањето на своите надлежности, особено за состојбите во противпожарните територијални единици (ППТЕ), а се говореше и за посветеноста на избраните членови во работењето на органите и телата на ЗЕЛС.

**Ацо Ристов, градоначалник на Општина Радовиш, номиниран за претставник од локалните власти од нашата земја во АРЛЕМ**

Присутните беа информирани за поканата што нашата земја ја добила да номинира член од локалната власт во АРЛЕМ, постојано собрание кое ги обединува локалните и регионални власти од трите брега на Средоземното Море и обезбедува институционална рамка за дијалог, размена и соработка помеѓу членовите на Комитетот на региони (КР) и претставниците на европските асоцијации вклучени во евромедитеранската соработка од една, и нивните колеги од медитеранските партнери од друга страна. Всушност, за првпат нашата земја била поканета на состанокот на тема активности во рамките на Евро-медитеранското регионално и локално собрание (Euro-Mediterranean Regional and Local Assembly – ARLEM), што се одржал на 29 март 2023 година, во просториите на Комитетот на региони, каде што било објаснето дека со членството на Република Северна Македонија во Унијата за Медитеранот (УМ) е отворена можноста за учество и во работата на АРЛЕМ. Било посочено дека членовите на АРЛЕМ најчесто се градоначалници или други локални и регионални лидери кои се предложени од соодветните асоцијации или мрежи на регионално и локално здружување. Земјата за почеток ќе има можност да номинира еден претставник кој ќе има статус на набљудувач. Некаде во февруари, 2025 година, односно по изгласувањето на нов деловник и мандат, ќе бидат создадени услови за унапредување на статусот на полноправен член. Управниот одбор на ЗЕЛС го предложи, а потоа и го усвои предлогот, градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов, да биде номиниран за претставник од ЗЕЛС во АРЛЕМ.

По оваа точка присутните развија дискусија за активноста на номинираните претставници од ЗЕЛС во меѓународните тела и органи. Беше посочено дека тоа претставува исклучителна можност за размена на искуства, создавање на партнерства и лобирање за обезбедување на повеќе фондови и повеќе средства за проекти за локалните власти од нашата земја. Беше нагласена долгогодишната неактивност на нашите претставници од локалната власт во Советот на Европа, а исто така беше посочена и неактивноста на поголемиот дел од делегатите во Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија, особено на состаноците што се одржуваат во Брисел. Во таа насока беше посочено дека Министерството за локална самоуправа не ги обезбедува потребните средства за оваа намена и беше изнесен пример од Република Словенија, каде што Владата ѝ дава финансиска поддршка на словенечката асоцијација на локални власти, како поддршка на општините за учество во сите тела на ЕУ и на други меѓународни организации. Управниот одбор ја нагласи огромната полезност за активно учество во овие тела и органи и ја нагласи потребата за поголема одговорност од номинираните лица, кои се нафатиле на овие позиции.

## KOMUNA E OHRIT NIKOQIR I BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË NË SEANCËN E SHTATËMBËDHJETË

Seanca e shtatëmbëdhjetë e Bordit drejtues të BNJVL-së u mbajt më 11 maj, 2023, në ndërtesën administrative të komunës së Ohrit. Kryetari i komunës në fjalë, Kirill Pecakov, i cili njëkohësisht është edhe anëtar i këtij trupi, si mikpritës u dëshiroi mirëseardhje dhe punë të suksesshme anëtarëve të pranishëm të Bordit drejtues. Në seancë u diskutua mbi sfidat me të cilat ballafaqohen njësitë e vetëqeverisjes lokale gjatë zbatimit të kompetencave të tyre, veçanërisht për gjendjet e njësive zjarrfikëse territoriale (NJZFT), ndërsa u diskutua edhe mbi përkushtimin e anëtarëve të zgjedhur në punën e organeve dhe trupave të BNJVL-së.

**Aco Ristov, kryetar i komunës së Radovishit u nominua për përfaqësues të pushteteve lokale nga vendi jonë në ARLEM**

Të pranishmit u informuan për ftesën që vendi jonë e morri të nominojë anëtar në pushtetin lokal në ARLEM, Asambleja e përhershme që bashkon pushtetet lokale dhe rajonale nga të tria brigjet e Detit Mesdhe dhe siguron kornizë institucionale për dialog, shkëmbim dhe bashkëpunim midis anëtarëve të Komitetit të Rajoneve (COR) dhe përfaqësuesit e asociacioneve evropiane të përfshira në bashkëpunimin euro-mesdhetar nga njëra palë dhe pala tjetër kolegët e tyre nga partnerët mesdhetarë. Në të vërtetë për herë parë vendi jonë u ftua në mbledhjen me temë aktivitetet në kuadër të Asamblesë euro-mesdhetare rajonale dhe lokale (Euro-Mediterranean Regional and Local Assembly – ARLEM), që u mbajt më 29 mars 2023 në hapësirat e Komitetit të Rajoneve (COR), ku është shpjeguar se anëtarët e Republikës së Maqedonisë së Veriut në Unionin e Mesdheut (UM) është e hapur mundësia për pjesëmarrje në punën e ARLEM. U përmend se anëtarët e ARLEM janë më së shpeshti kryetarë të komunave ose liderë tjerë lokalë dhe rajonalë të cilët janë propozuar nga asociacione adekuate ose rrjete të shoqërive rajonale dhe lokale. Vendi jonë fillimisht do të ketë mundësi të nominojë një përfaqësues i cili ka statusin e vëzhguesit. Diku në shkurt, 2025, respektivisht pas votimit të rregullores së re dhe mandati, do të jenë të krijuara kushtet për avancim të statusit si anëtar me të drejtë të plotë. Bordi drejtues i BNJVL-së e propozoi, ndërsa pastaj e miratoi propozimin, kryetar i komunës së Radovishit, Aco Ristov, të jetë i nominuar për përfaqësues të BNJVL-së në ARLEM.

Pas kësaj, të pranishmit zhvilluan një diskutim për veprimtarinë e përfaqësuesve të nominuar nga BNJVL në organet dhe trupat ndërkombëtare. U theksua se paraqet një mundësi të jashtëzakonshme për të shkëmbyer përvoja, për të krijuar partneritete dhe për të lobuar për sigurimin e më shumë mjeteve dhe më shumë fonde për projekte për autoritetet vendore të vendit tonë. U theksua mosaktiviteti afatgjatë i përfaqësuesve tanë të pushtetit lokal në Këshillin e Evropës, si dhe mosaktiviteti i shumicës së delegatëve në Komitetin e Përbashkët Konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian theksoi, veçanërisht në takimet e mbajtura në Bruksel. Në këtë drejtim, u theksua se Ministria e Vetëqeverisjes Lokale nuk ofron mjete të nevojshme për këtë qëllim dhe u prezantua një shembull nga Republika e Sllovenisë, ku Qeveria ofron mbështetje financiare për Asociacionin Slloven të pushteteve lokale, si mbështetje për pjesëmarrjen e komunave në të gjitha organet e BE-së dhe të organizatave të tjera ndërkombëtare. Bordi drejtues theksoi dobinë e madhe të pjesëmarrjes aktive në këto organe dhe organet tjera dhe theksoi nevojën për përgjegjësi më të madhe nga personat e emëruar, të cilët morën këto pozita.



**Изгласана промена на двајца членови на Комитетот на советите на ЗЕЛС**

Управниот одбор на ЗЕЛС на оваа седница го изнесе предлогот за промена на членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС, кои од формирањето на ова тело не присуствувале на седниците ниту покажале активност во неговото работење. По оваа точка се дискутираше на претходната 16. седница на УО, по што на предлог од Комитетот на советите и Управниот одбор беше предложена замена на двајца членови. На местото на претседателката на Советот на Општина Старо Нагоричане, Сашка Крстевска Павловска, предложена е претседателката на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска, а на местото на претседателот на Советот на Општина Боговиње, Илир Елези, предложен е претседателот на Советот на Општина Тетово, Бесар Дурмиши. Присутните едногласно ги прифатија новите кандидати, кои ќе му бидат предложени на Генералното собрание за гласање.

**Усвоени предлозите за следни чекори кон решавање на предизвиците во ППТЕ што ќе бидат изнесени пред Генералното собрание на ЗЕЛС**

Претседателот на работната група за утврдување на решенија за предизвиците со противпожарните територијални единици (ППТЕ) во општините, Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово, пред присутните членови на Управниот одбор ги изнесе предлозите утврдени на средбата што ја одржа ова тело. Уште на почетокот од своето излагање, Димитриевски ја посочи анализата што ја изработи стручната служба на ЗЕЛС и нагласи дека според добиените податоци од општините што имаат ППТЕ, (освен од Град Скопје), централната власт за оваа надлежност на општините во 2022 година им префрла околу 4,5 милиони евра, а општините од својот буџет обезбедуваат сума приближна на оваа, додека за 2023 година минимално се зголемени средствата од централната власт, а општините за дополнување на потребните средства, од кои најголемиот дел за плати на пожарникарите, треба да одвојат најмалку пет милиони евра. Нагласено беше дека општините наместо овие средства да ги трошат за проекти за своите граѓани, тие ѝ помагаат на централната власт. Бројот на пожарникарите е несоодветен со оној утврден во Законот за пожарникарство, возниот парк е со просечна старост од над 35 години, соодветна опрема и облека за пожарникарите речиси и да нема, општините кои се опфатени во рамките на една противпожарна територијална единица воопшто и не плаќаат за услугите што им ги дава општината во која се наоѓа ППТЕ (иако се обврзани со Законот) и излегувањето на терен во повеќе од 65 % на овие противпожарни единици се однесува на пожари во шуми каде што одговорноста е на „Македонски шуми“. Тоа е состојбата со противпожарната заштита и справувањето со кризи во нашата земја. Државата не ги почитува

**U votua për ndërrimin e dy anëtarëve në Komitetin e këshillave të BNJVL-së**

Bordi drejtues i BNJVL-së në këtë seancë prezantoi propozimin për ndryshimin e anëtarëve të Komitetit të këshillave në kuadër të BNJVL-së, të cilët nga themelimi i këtij organi nuk kanë marrë pjesë në seancat dhe nuk kanë treguar aktivitet në punën e tij. Kjo pikë është diskutuar në seancën e kaluar të 16-të të Bordit drejtues, pas së cilës me propozim të Komisionit të Këshillave dhe Bordit drejtues është propozuar zëvendësimi i dy anëtarëve. Në vend të kryetares së Këshillit të Komunës Staro Nagoriçane, Sashka Kërstevska Pavllovska, u propozua kryetarja e Këshillit të Komunës së Kriva Pallankës, Izabella Pavlovska dhe në vend të kryetarit të Këshillit të Komunës së Bogovinës, Ilir Elezi, është propozuar kryetari i Këshillit të Komunës së Tetovës Besar Durmishi. Të pranishmit pranuan njëzëri kandidatët e ri, të cilët do t'i propozohen për votim Kuvendit Gjeneral.

**U miratuan propozimet për hapat vijuese për zgjidhjen e sfidave me NJTZF që do të paraqiten para Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së**

Kryetari i Grupit punues për përcaktimin e zgjidhjeve për sfidat me njësitë territoriale zjarrfikëse (NJTZF) në komunat, Maksim Dimitrievski, kryetar i komunës së Kumanovës, para të pranishmëve në Bordin drejtues i prezantoi propozimet e përcaktuara në takimin që mbajti ky trup. Që në fillim të fjalimit të tij Dimitrievski përmendi analizën që e përpiloi shërbimi profesional i BNJVL-së dhe theksoi se sipas të dhënave të marra për këtë kompetencë komunave në vitin u 2022 transferon rreth 4,5 milion euro, ndërsa komunat nga buxhetet e tyre sigurojnë shumë që është përafërsisht me këtë shumë, përderisa për vitin 2023, në vit, mjetet nga pushteti qendror janë rritur minimalisht dhe komunat duhet të ndajnë së paku pesë milionë euro për plotësimin e mjeteve të nevojshme, pjesa më e madhe e të cilave është për pagat e zjarrfikësve. U theksua se në vend që komunat t'i shpenzojnë këto mjete për projekte për qytetarët e tyre, ato “ndihmojnë” edhe pushtetin qendror. Numri i zjarrfikësve është i pamjaftueshëm me numrin e përcaktuar në Ligjin për zjarrfikës, vendparkimi i automjeteve është tejet i vjetër, është mbi 35 vjet, pothuajse nuk ka pajisje dhe veshje adekuate për zjarrfikësit, komunat që janë të përfshira në një njësi territoriale zjarrfikëse e bëjnë të mos paguajë fare për shërbimet e ofruara nga komuna në të cilën ndodhet NJTZF (edhe pse janë të obliguara me Ligj) dhe udhëtimet në terren në më shumë se 65% të këtyre njësive zjarrfikëse i referohen zjarreve në pyje ku përgjegjësia është e "Pyjeve të Maqedonisë". Kjo është gjendja e mbrojtjes nga zjarri dhe e menaxhimit të krizave në vendin tonë. Shteti nuk respekton ligjet që i miraton vetë, nuk respekton komunat, e më së paku Kartën Evropiane të Vetëqeverisjes Lokale që e ka nënshkruar, ku

законите што сама ги донесува, не ги почитува општините, најмалку Европската повелба на локална самоуправа што ја потпишала, каде што јасно стои дека со префрлање на секоја надлежност на локално ниво треба да бидат обезбедени и соодветни средства за нејзино спроведување, и не ги почитува своите граѓани бидејќи ги остава речиси целосно незаштитени од вакви катастрофални непогоди. Одговорноста на општините за оваа надлежност е огромна, состојбата е неиздржлива и нема надеж за подобрување, особено што и при она мало дополнување со опрема што стигнува од Дирекцијата за заштита и спасување е несоодветно распределена, минимално, речиси комплетно ненаменски. Наместо обезбедување скали, кои се неопходни за гасење на пожари во урбани средини, некоја општина ќе добие некое возило што воопшто не ѝ е потребно и е несоодветно за употреба. Во таа насока беа изнесени, а потоа и прифатени од сите членови на Управниот одбор, следните заклучоци:

1. Да се испрати допис и уште еднаш да се информираат Министерството за одбрана и Владата на РСМ за состојбата во која се наоѓаат сите ППТЕ во земјава. Во дописот да се нагласи, итно, со ребаланс на буџетот да се обезбедат потребните средства и да им се испорачаат на општините за обезбедување плати и придонеси за сите вработени пожарникари, а притоа да се водат од законски предвидениот број на потребни пожарникари според бројот на жители. Исто така, итно да изврши набавка на соодветни противпожарни возила и да ја испорачаат потребната и соодветна опрема за пожарникарите и ППТЕ. Потоа да се утврди соодветна методологија за трајно и објективно финансирање на потребите на ППТЕ.

2. Во пресрет на Светскиот ден на пожарникарите, да се одржи прес- конференција во административната зграда на ЗЕЛС, на која ќе бидат изнесени состојбите во ППТЕ и барањата на ЗЕЛС.

3. Доколку во рок од две недели или најдоцна до крајот на мај, централната власт не преземе никакви дејствија во однос на наведеното во дописот, ЗЕЛС да организира мирен протест пред Владата на РСМ, каде градоначалниците и претставниците од ППТЕ мирно ќе го изразат незадоволството од ваквата состојба и ќе биде спроведено дефиле на противпожарните возила за да видат граѓаните што им стои на располагање доколку е потребна заштита од евентуални пожари.

Притоа беше нагласено дека не станува збор за политички поени туку за солидаризираност на сите единици на локалната самоуправа, за соочување со реалните потреби и одговорноста што ја имаат сите општини за човечки судбини или заштита на нивните имоти при пожар. Овие заклучоци ќе бидат изнесени на гласање пред делегатите на Генералното собрание на ЗЕЛС на четвртата седница .

### Утврдени мерки за поттикнување на ажурна наплата на членарината кон ЗЕЛС

На дневен ред на 17. седница на Управниот одбор беше и утврдувањето на предлог-мерки за поттикнување на ажурна наплата на членарината кон ЗЕЛС. Беше нагласено дека најголемиот процент од приходи на ЗЕЛС доаѓа од средствата од членарина од сите единици на локалната власт. Финансискиот извештај на ЗЕЛС за оваа година, слично како и во претходните, покажува дека приходите по овој основ во континуитет опаѓаат, независно што ЗЕЛС им излегува во пресрет на своите членки и непречено им ги испорачува сите услуги: спроведување на активности на телата и органите на ЗЕЛС за лобирање за унапредување на надлежностите на единиците на локалната самоуправа и развивање на процесот на децентрализација; надградба и одржување на електронските системи и поддршка на општините при нивното користење и постапување; обезбедување и организирање на соодветни обуки за општинската администрација и учество во меѓународни тела и органи. Во таа насока, по обемната дискусија беа усвоени неколку заклучоци:

1. Доколку општините имаат долг, веднаш да пристапат кон склучување на договор со ЗЕЛС, каде што соодветно на нивната состојба ќе се утврди времетраењето на отплатата и бројот на ратите.

2. Општините кои нема да ги преземат посочените можности,

thuhet qartë se duke kaluar çdo kompetencë në nivel lokal, për zbatimi e të njëjtës duhet të sigurohen mjetet e duhura dhe ata nuk i respektojnë qytetarët e saj sepse i lë pothuajse plotësisht të pambrojtur nga fatkeqësi të tilla katastrofike. Përgjegjësia e komunave për këtë kompetencë është e madhe, gjendja është e padurueshme dhe nuk ka shpresa për përmirësim, aq më tepër që edhe të pajisurit tejet të vogël me pajisje që vijnë nga Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim është i shpërndarë në mënyrë joadekuate, minimale, pothuajse tërësisht pa dedikim. Në vend të sigurimit të shkallëve që janë të nevojshme për shuarjen e zjarreve në zonat urbane, një komunë do të marrë një automjet që nuk i nevojitet fare dhe nuk është i përshtatshëm për përdorim. Në këtë drejtim, u prezantuan dhe më pas u pranuan nga të gjithë anëtarët e Bordit drejtues konkluzionet e mëposhtme:

1. Të dërgohet një letër dhe të informohet edhe një herë Ministria për mbrojtje dhe Qeveria e RMV për gjendjen në të cilën ndodhen të gjitha NJTZF në vend. Në letër theksohet se urgjentisht, duke ribalancuar buxhetin, të sigurohen dhe t'u dorëzohen komunave mjetet e nevojshme për sigurimin e pagave dhe kontributeve për të gjithë zjarrfikësit e punësuar dhe njëkohësisht të udhëhiqen nga afati që është përcaktuar me ligj numri i zjarrfikësve të nevojshëm sipas numrit të banorëve. Gjithashtu, të blihen urgjentisht mjete të përshtatshme zjarrfikëse dhe të dorëzohen pajisjet e nevojshme dhe të përshtatshme për zjarrfikësit dhe NJTZF. Më pas të përcaktohet një metodologji e përshtatshme për financimin permanent dhe objektiv të nevojave të NJTZF.

2. Në vigjilje të Ditës botërore të zjarrfikësve të mbahet konferencë për shtyp në ndërtesën administrative të BNJVL-së në të cilën do të paraqiten gjendjet në NJTZF dhe kërkesat e BNJVL-së.

3. Nëse pushteti qendror në afat prej dy javësh ose më së voni deri në fund të majit nuk ndërmerr ndonjë veprim siç thuhet në shkresën, BNJVL duhet të organizojë protestë paqësore para Qeverisë së RMV, ku kryetarët e komunave dhe përfaqësuesit nga NJTZF në mënyrë paqësore do të shprehin pakënaqësinë e tyre për këtë situatë dhe do të zhvillohet një paradë e mjeteve zjarrfikëse për të njohur qytetarët me atë që kanë në dispozicion nëse nevojitet mbrojtje nga zjarret e mundshme.

U theksua se nuk bëhet fjalë për pikë politike, por për solidaritet të të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale, për përballimin e nevojave reale dhe përgjegjësisë që kanë të gjitha komunat për fatet njerëzore apo mbrojtjen e pronave të tyre në rast zjarri. Për këto konkluzione do të votohet para delegatëve të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së në seancën e katërt.

### U përcaktuan masat për nxitjen e arkëtimit të azhurnuar të anëtarësisë ndaj BNJVL-së

Në rendin e ditës të seancës së 17-të të Bordit drejtues ishte përcaktimi i propozim-masave për nxitjen e mbledhjes së përditësuar të anëtarësimit në BNJVL. U theksua se përqindja më e madhe e të hyrave të BNJVL-së vijnë nga anëtarësimi nga të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale. Raporti financiar i BNJVL-së për këtë vit, sikur edhe të kaluarat, tregon se të hyrat në këtë bazë janë në rënie të vazhdueshme, pa marrë parasysh se BNJVL takohet me anëtarët e saj dhe u ofron të gjitha shërbimet pa ndërprerje: realizimi i aktiviteteve të organeve dhe organet e BNJVL-së për lobim për avancimin e kompetencave të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe zhvillimin e procesit të decentralizimit; përmirësimin dhe mirëmbajtjen e sistemeve elektronike dhe mbështetjen e komunave në përdorimin dhe trajtimin e tyre; ofrimi dhe organizimi i trajnimeve të duhura për administratën komunale dhe pjesëmarrja në organet dhe trupat ndërkombëtare. Në këtë drejtim pas diskutimit vëllimor u miratuan disa konkluzione:

1. Përderisa komunat kanë borxh menjëherë të aderojnë drejt lidhjes së marrëveshjes me BNJVL-në, ku konform gjendjes së tyre do të përcaktohet kohëzgjatja e pagesës dhe numrit të kësteve.

2. Komunat të cilat nuk do t'i ndërmarrin mundësitë e përmendura,

или пак не го почитуваат склучениот договор, ќе бидат подложени на дополнителни постапки со кои ќе бидат лишени од одредени услуги на ЗЕЛС сè до враќање на долгот.

**Формирана работна група за утврдување на предлог-законски решенија за иницијативата за конфискација на нелегално изградени објекти**

Градоначалникот на Општина Центар, Горан Герасимовски, под точката разно, го информираше Управниот одбор за чекорите што ги презел во однос на активностите за реализација на иницијативата за конфискација на нелегално изградените објекти. Тој посочи дека разговарал со претставници од Министерството за правда и Министерството за транспорт и врски, од каде што добил позитивни сигнали за тоа дека се потребни одредени дообликувања на оваа иницијатива за нејзино преточување во законски одредби. Во таа насока, на оваа седница Управниот одбор даде согласност за формирање на работно тело предводено од градоначалникот на Општина Центар, заедно со неколку градоначалници, претставници од правните служби од општинската администрацијата, како и експерти од областа на урбанизмот кои ќе дискутираат и ќе утврдат прецизни предлози за обезбедување на потребните законски измени.

**Иницијатива за одржување на заедничка средба меѓу асоцијациите на локални власти од нашата земја и Република Бугарија**

Потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу, информираше за иницијативата за одржување на заедничка средба меѓу членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС со Управниот одбор на Националната асоцијација на општини на Бугарија (НМРБ) за одржување на заедничка средба во нашата земја. Средбата би била посветена само на прашања поврзани со локалната самоуправа, размена на искуства и продлабочување на соработката, збратимувањата меѓу општините од двете земји, како и поддршка за интензивирање на меѓуграничната соработка од ИПА фондовите, но и за искористување на средства од други фондови на Европската Унија, каде што е потребно партнерство со општините, членки на ЕУ. Управниот одбор ја прифати иницијативата, а Општина Струмица се пријави да биде општина домаќин на овој настан.

Градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов, изнесе иницијатива да се одржи итна средба со соодветни претставници од централната власт, со цел разрешување на пречките околу обезбедување на одобрение од Владата на РСМ за задолжување во комерцијални банки на четири општини од земјава за реализација на капитални инвестиции. Беше нагласено дека се исполнети потребните услови, за што Министерството за финансии веќе дало согласност, но подолг период се чека и на формална одлука од Владата. Станува збор за непотребно кочење на активностите за создавање на поповолни услови за развивање на локалната економија во овие општини. Беше предложено да се упати допис до министерот за финансии и до заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции за одржување на итен состанок на кој ќе присуствуваат градоначалници. Исто така, беше нагласено и значењето од степенот на информираност на општините за условите на користење на средства од програмата на ИПАРД-3, заради што во непосредниот период ќе организира состанок со министерот за земјоделство и министерот за европски прашања, на кој ќе присуствуваат сите членови на Управниот одбор на ЗЕЛС.

pse nuk do të respektojnë marrëveshjen e firmosur do t'i nënshtrohen procedurave plotësuese të me të cilat do të largohen nga shërbimet e caktuara të BNJVL-së e deri në kthimin e borxhit.

**U formua grupi punues për përcaktimin e propozim-zgjidhjeve ligjore lidhur me iniciativën për konfiskimin e objekteve të ndërtuara pa leje**

Kryetari i Komunës Qendër, Goran Gerasimovski, në pikën të ndryshme, e informoi Bordin drejtues për hapat që i ka ndërmarrë në lidhje me aktivitetet për zbatimin e iniciativës për konfiskimin e objekteve të ndërtuara pa leje. Ai theksoi se ka pasur bisedime me përfaqësues nga Ministria për drejtësi dhe Ministria për transport dhe lidhje, nga ku ka marrë sinjale pozitive në drejtim se nevojitet riformulim i caktuar i kësaj nisme për përkthimin e saj në dispozita ligjore. Në këtë drejtim, në këtë seancë Bordi drejtues dha pëlqimin për themelimin e Trupit punues të udhëhequr nga kryetari i Komunës Qendër, së bashku me disa kryetarë komunash, përfaqësues nga shërbimet juridike të administratës komunale, si dhe ekspertë të fushën e urbanistikës të cilët do të diskutojnë dhe përcaktojnë propozime të sakta për sigurimin e ndryshimeve të nevojshme ligjore.

**Iniciativa për mbajtjen e takimit të përbashkët midis asociacioneve të pushteteve lokale nga vendi jonë dhe Republika e Bullgarisë**

Nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu, informoi për iniciativën për mbajtjen e takimit të përbashkët midis anëtarëve të Bordi drejtues të BNJVL-së me Bordin drejtues të Asociacionit nacional të komunave të Bullgarisë për mbajtjen e një takimi të përbashkët në vendin tonë. Takimi do t'i dedikohej vetëm çështjes lidhur me vetëqeverisjen lokale, shkëmbimi i përvojave dhe thellësimi i bashkëpunimit, binjakëzimi midis komunave nga të dy vendet, si dhe përkrahja për intensifikim të bashkëpunimit ndërkufitar nga fondet IPA, por edhe për shfrytëzimin e mjeteve nga fondet tjera të Bashkimit Evropian, ku nevojitet partneritet me komunat anëtare të BE-së. Bordi drejtues pranoi iniciativën ndërsa komuna e Strumicës u paraqit të jetë komunë-nikoqire në këtë ngjarje.

Edhe kryetari i Komunës së Radovishit, Aco Ristov, ka paraqitur iniciativë për mbajtjen e një takimi urgjent me përfaqësuesit përkatës të pushtetit qendror, me qëllim të zgjidhjes së pengesave që kanë të bëjnë me sigurimin e miratimit nga Qeveria e RMV-së për huamarrje nga bankat komerciale të katër komunave në vend për realizimin e projekteve kapitale dhe investimet. U theksua se janë plotësuar kushtet e nevojshme, për të cilat Ministria për financa tashmë ka dhënë pëlqimin e saj, por një vendim zyrtar nga Qeveria akoma pritet për një periudhë më të gjatë. Bëhet fjalë për frenim të panevojshëm të aktiviteteve për krijimin e kushteve më të favorshme për zhvillimin e ekonomisë lokale në këto komuna. Është propozuar që t'i dërgohet shkresë Ministrit për financa dhe Zëvendës-kryeministrit përgjegjës për çështjet ekonomike, koordinimin e resorëve ekonomike dhe investimeve që të mbahet një takim urgjent ku të marrin pjesë kryetarët e komunave: Radovish, Shtip, Ohër dhe Prilep. Gjithashtu, u theksua edhe rëndësia e shkallës së informimit të komunave për kushtet për shfrytëzimin e mjeteve nga programi IPARD-3, për shkak të periudhës së drejtpërdrejtë do të organizojë mbledhje me ministrin për bujqësi dhe ministrin për çështje evropiane në të cilën do të marrin pjesë të gjithë anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së.








## ОДРЖАНА ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

„Во изминатата година, на сите 11 седници што ги одржа Управниот одбор на ЗЕЛС, задолжително точка на дневниот ред беше токму прашањето за предизвиците со енергетската криза. Утврдивме предлог-мерки и ги доставивме до Владата. Имавме три средби, од кои на една од нив присуствуваа сите претставници на Управниот одбор, премиерот на РСМ и соодветни ресорни министри. Не дојдовме до заемно прифатливи чекори, а потоа состојбата се влоши уште повеќе со донесувањето на два документа, кои се покажаа како доста неповолни за нас. Првиот документ беше Тарифникот на новите цени на струјата, во кој беше изоставена категоријата „улично осветлување". Вториот беше Одлуката на Владата од 30 октомври 2022 година, со која на сите општини им се забрани да формираат сопствени претпријатија за менаџирање со јавното осветлување, а оние општини што основале вакви претпријатија беа обврзани да преземат активности за престанување на важење на актите со кои ги основале". Вака, претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, го започна своето обраќање за активностите на ЗЕЛС во изминатата 2022 година, пред делегатите на четвртата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, што се одржа на 12 мај 2023 година, во хотелот „Метропол" во Охрид.

Ѓорѓиевски, во извештајот, посочи и на некои позитивни резултати што произлегоа од преговорите на ЗЕЛС со Централниот регистар, со Регулаторната комисија за енергетика, со претставници од Министерството за економија и Министерството за финансии, меѓу кои се: можноста општините да формираат претпријатија за обезбедување електрична енергија од обновливи извори и вонредната мерка со која основните и средните училишта, како и јавните претпријатија за снабдување со вода беа префрлени на регулиран пазар. Во однос на приоритетните заложби на ЗЕЛС, претседателот Ѓорѓиевски нагласи дека во согласност со ревидираните Систематизирани ставови, ЗЕЛС продолжува да се залага за обезбедување финансиска стабилност на општините, реформи во организацијата на локалната власт и префрлање на нови надлежности, но само со обезбедување на соодветни финансиски средства за нивно спроведување. Тој нагласи дека новиот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, донесен во октомври, минатата година, не ги исполнува основните барања на ЗЕЛС, иако обезбеди минимално покачување на финансиските

## U MBAJT SEANCA E KATËRT E KUVENDIT GJENERAL TË BNJVL-SË

,,Vitin e kaluar në të gjitha 11 seancat që i mbajti Bordi drejtues i BNJVL-së, detyrimisht pikë e rendit të ditës ishte pikërisht çështja për sfidat me krizën energjetike. Përcaktuam propozim-masat dhe i parashtruam në Qeveri. Patëm tri takime, pre të cilave në njërën morrën pjesë përfaqësuesit e Bordit drejtues, Kryeministri i RMV dhe ministritë adekuate të resorit. Nuk arritëm të gjejmë hapa të përbashkët, ndërsa pastaj gjendja u përkeqësua edhe më shumë me miratimin e dy dokumenteve që u treguan si mjaft joadekuate, dokumenti i parë ishte Tarifori i çmimeve të reja të energjisë elektrike, në të cilin ishte lënë anash kategoria „ndriçimi rrugor". Dita e dytë ishte Vendimi nga Qeveria prej 30 tetori, 2022, në të cilin komunave i'u ndalua të formojnë ndërmarrje private për menaxhim me ndriçimin rrugor, ndërsa këto komuna që kanë themeluar ndërmarrje të këtilla u përshpejtuan të ndërmarrin aktivitete për ndalimin e vlefshmërisë së akteve me të cilat i kanë themeluar". Në këtë mënyrë kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski e filloi fjalimin e tij për aktivitetet e BNJVL-së në vitin e kaluar 2022, para delegatëve të seancës së katër të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së, që u mbajt më 12 maj 2023, në hotelin ,,Metropol" në Ohër.

Gjorgjievski në raport potencoi edhe disa rezultate pozitive që rezultuan nga negociatat e BNJVL-së me Regjistrin Qendror, me Komisionin Rregullativ për Energjetikë, me përfaqësues nga Ministritë e Ekonomisë dhe Financave, ndër të cilat janë: mundësia që komunat të themelojnë ndërmarrjet për sigurimin e energjisë elektrike nga burimet e rinovueshme dhe masat e jashtëzakonshme me të cilat shkollat fillore dhe të mesme, si dhe ndërmarrjet publike të ujësjellësit kaluan në një treg të rregulluar. Në pjesën e përkushtimeve prioritare të BNJVL-së, kryetari Gjorgjievski theksoi se në përputhje me QËNDRIMET E SISTEMATIZUARA të reviduara, BNJVL vazhdon të avokohet për sigurimin e stabilitetit financiar të komunave, reformat në organizimin e pushtetit lokal dhe bartjen e kompetencave të reja, por vetëm me sigurimin e fondeve të përshtatshme financiare për zbatimin e tyre. Ai theksoi se Ligji i ri për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale, i miratuar në tetor të vitit të kaluar, nuk i plotëson kërkesat elementare të BNJVL-së, ndonëse me të është siguruar rritje minimale e mjeteve financiare nga TVSH dhe tatimi personal, dhe

средства од ДДВ и од персоналниот данок и нагласи дека во блиска иднина треба да биде ставен на дневен ред на седница на Управниот одбор. Ѓоргиевски го спомена и новиот Меморандум за соработка со Владата на РСМ, што официјално сè уште не е потпишан, но би требало да обезбеди почести и поквалитетни средби со Владата, особено во однос на буџетските преговори. Говореше и за заложбите на ЗЕЛС за обезбедување на софтверска апликација за спроведување на постапките согласно со Законот за даноци на имот и Законот за комунални такси, кој ќе биде поврзан со Агенцијата за катастар на недвижности за добивање на податоците за сопствениците на имотот, како даночни обврзници. „Се надеваме дека оваа година ќе започнеме со обезбедувањето на овој електронски систем, кој се планира да го одржува ЗЕЛС и кој ќе им користи на сите општини подеднакво. Тоа е уште еден начин на значителна заштеда и рационално користење на средствата од нашиот буџет. Се надевам дека тоа ќе овозможи да се ангажираме повеќе околу собирањето на сопствените приходи, а особено во ревидирање на базата на данокот на имот и во утврдување на основицата за оданочување на објектите според последно утврдената методологија“, рече Ѓорѓиевски. Тој посочи дека општините треба навремено и целосно да ја отплаќаат членарината кон ЗЕЛС бидејќи добиваат безброј бесплатни услуги од ЗЕЛС, што не е случај со речиси ниту една друга асоцијација од регионов, па и пошироко. Притоа, претседателот на ЗЕЛС ја нагласи и активноста на ЗЕЛС тренинг центарот каде што минатата година беше обезбедена обука за вкупно 1 500 лица од општинската администрација и општинските совети, како и единицата за поддршка на електронски услуги при ЗЕЛС, која одржува пет електронски системи од кои три се најзначајни, особено информацискиот систем за издавање на градежна дозвола, преку кој во 2022 година општините издадоа 2 935 одобренија за градење. На крајот од своето обраќање, Ѓорѓиевски упати апел до делегатите на Генералното собрание навремено и посветено да одговараат на сите барања што ќе стигнат од ЗЕЛС во нивните општини, а се однесуваат на доставените предлог-закони, податоци, мислења и слично. Исто така, тој пред Генералното собрание вети дека ќе биде истраен во заложбата ЗЕЛС, како и досега, да биде тело на сите единици на локалната власт, каде што единствен приоритет ќе бидат интересите на сите општини за обезбедување на подобри услови и поквалитетни услуги за нивните граѓани.

**Извештаи на ЗЕЛС и мерки за поттикнување на ажурна наплата на членарината**

На седницата, извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, ги презентираше извештаите за реализацијата на активностите на ЗЕЛС за 2022 година, како и Финансискиот и Ревизорскиот извештај за минатата година. Беше посочено дека во согласност со Акцискиот план на ЗЕЛС, реализирани се сите активности, но дека наплатата на членарината од нејзините членки евидентно опаѓа, па така е создадена состојба приходите да се помали во однос на расходите на ЗЕЛС. Присутните ги изгласаа овие два значајни документа на ЗЕЛС, по што беше отворена дискусија за мерки за



theksoi se në në të ardhmen e afërt duhet të futet në rendin e ditës të seancës së Bordit drejtues. Gjorgjievski përmendi edhe Memorandumin e ri për Bashkëpunim me Qeverinë e RMV, i cili ende nuk është nënshkruar zyrtarisht, por duhet të sigurojë takime më të shpeshta dhe më të mira me Qeverinë, veçanërisht në sferën e negociatave për buxhetin, ndërsa foli edhe për BNJVL-në angazhimin për sigurimin e aplikimit softuerik për zbatimin e procedurave sipas Ligjit për tatimin në pronë dhe Ligjit për taksat komunale, i cili do të lidhet me Agjencinë për kadastrën e patundshmërive për marrjen e të dhënave për pronarët e pronave, si obligatorë tatimorë. -,,Shpresojmë se këtë vit do të fillojmë me sigurimin e këtij sistemi elektronik, të cilin e planifikon t'a menaxhojë BNJVL dhe nga i cili do të përfitojnë të gjitha komunat në mënyrë të barabartë. Është një mënyrë tjetër e kursimeve të konsiderueshme dhe përdorimit racional të mjeteve nga buxhetet tona. Shpresoj që kjo të n'a mundësojë që të angazhohemi më shumë në pjesën e mbledhjes së të hyrave tona, e veçanërisht në pjesën e revidimit të bazës së tatimit në pronë dhe në pjesën e përcaktimit të bazës së tatimore të objekteve sipas metodologjisë së fundit të përcaktuar" theksoi Gjorgjievski dhe vuri në dukje se komunat duhet të paguajnë me kohë dhe në tërësi anëtarësimin në BNJVL sepse marrin shërbime të panumërta falas nga BNJVL, që nuk është rasti me pothuajse asnjë shoqatë tjetër nga rajoni dhe më gjerë. Në të njëjtën kohë, kryetari i BNJVL-së e theksoi edhe aktivitetin e Qendrës për trajnime të BNJVL-së, ku vitin e kaluar janë ofruar trajnime për gjithsej 1.500 persona nga administrata komunale dhe këshillat komunale, si dhe njësia për mbështetje të shërbimeve elektronike të BNJVL-së, e cila mban pesë sisteme elektronike, tre prej të cilave janë më të rëndësishmit, veçanërisht sistemi informativ për dhënien e lejeve të ndërtimit, përmes së cilit në vitin 2022 komunat kanë lëshuar 2935 leje ndërtimi. Në fund të fjalimit së tij, Gjorgjievski u bëri thirrje delegatëve të Kuvendit Gjeneral që me kohë dhe përkushtim të përgjigjen për të gjitha kërkesat që do të mbërrijnë nga BNJVL në komunat e tyre, të cilat kanë të bëjnë me propozim-ligjet e paraqitura, të dhënat, mendimet dhe të ngjashme. Gjithashtu, ai para Kuvendit Gjeneral premtoi se do të jetë këmbëngulës në përkushtimin









поттикнување на ажурна наплата на членарината кон ЗЕЛС, утврдени од Управниот одбор на ЗЕЛС на 17. седница. Уште еднаш беше нагласено дека општините добиваат бројни бесплатни услуги од ЗЕЛС: одржување и надградба на електронските системи, како и поддршка при нивното користење, особено за електронскиот систем за дозволи за градба, за постапките за градежно неизградено земјиште и за продажба на ствари. Секојдневно општините добиваат информации за сите настани и активности поврзани со надлежностите на локалната власт и се пласираат информации на веб-страницата на ЗЕЛС, како и во Гласилото на ЗЕЛС. Со поддршка на ЗЕЛС, општините се вклучуваат во низа регионални и меѓународни проекти и учествуваат во разни домашни и меѓународни тела за размена на искуства и стекнување на нови знаења. Преку ЗЕЛС тренинг центарот се обезбедуваат соодветни обуки за јакнење на капацитетите на општинската администрација. Се обезбедува организирање на сите активности на телата и органите на ЗЕЛС за лобирање и застапување на значајни законски промени поврзани со надлежностите на локалната самоуправа и многу други активности. Дел од делегатите нагласија дека не смее да се доведе во прашање функционалноста на ЗЕЛС поради неплаќање на членарината, по што Генералното собрание на ЗЕЛС ги изгласа предлог-мерките за поттикнување на ажурна наплата на членарината кон ЗЕЛС. Меѓу нив беше и мерката доколку општината има долг кон ЗЕЛС и не ги преземе посочените можности, или не го почитува склучениот договор за отплата на долгот, да биде подложена на дополнителни постапки за оневозможување на користење на одредени услуги од ЗЕЛС сè до враќање на долгот.

**Генералното собрание го овласти Управниот одбор да направи план и програма за унапредување на можностите за подобрување на состојбите и финансирањето на противпожарните единици**

Пред присутните, градоначалникот на Општина Куманово, Максим Димитриевски, ги презентираше анализите за финансирањето и состојбата со опрема на

e tij, BNJVL, si edhe më parë, të jetë organ i të gjitha njësive të qeverisjes lokale, ku prioritet i vetëm do të jenë interesat e të gjitha komunave për të siguruar kushte më të mira dhe shërbime me cilësi më të mirë për qytetarët e tyre.

**Raportet e BNJVL-së dhe masat për nxitjen e arkëtimit të azhurnuar të anëtarësisë**

Në seancë, drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, prezantoi raportet për realizimin e aktiviteteve të BNJVL-së për vitin 2022, si dhe raportin financiar dhe të auditimit për vitin e kaluar. U theksua se në përputhje me Planin aksional të BNJVL-së, janë kryer të gjitha aktivitetet, por se mbledhja e anëtarësimit nga anëtarët e saj është dukshëm në rënie, duke krijuar situatë ku të hyrat janë më të ulëta në raport me shpenzimet e BNJVL-së. Të pranishmit votuan për këto dy dokumente të rëndësishme të BNJVL-së, pas së cilës u hap diskutimi për masat për nxitjen e arkëtimit të azhurnuar të anëtarësimit ndaj BNJVL-së, të përcaktuara nga Bordi drejtues i BNJVL-së në seancën e 17-të. Edhe një herë, u theksua se komunat nga BNJVL marrin një sërë shërbimesh falas: mirëmbajtje dhe azhurnim të sistemeve elektronike si dhe mbështetje në shfrytëzimin e tyre, veçanërisht për sistemin elektronik për leje ndërtimi, për procedurat e ndërtimit të tokës së pazhvilluar dhe për shitjen e sendeve. Komunat çdo ditë marrin informacione për të gjitha ngjarjet dhe aktivitetet që kanë të bëjnë me kompetencat e pushtetit lokal, ndërsa informacionet publikohen në ueb faqen e BNJVL-së si dhe në Gazetën e BNJVL-së. Me mbështetjen e BNJVL-së, komunat janë të përfshira në një sërë projektesh rajonale dhe ndërkombëtare dhe marrin pjesë në trupa të ndryshëm vendor dhe ndërkombëtar për shkëmbimin e përvojave dhe përvetësimin e njohurive të reja. Përmes Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, ofrohen trajnime të përshtatshme për përforcimin e kapaciteteve të administratës komunale. Sigurohet organizimi i të gjitha aktiviteteve të organeve dhe trupave të BNJVL-së për lobim dhe përfaqësim të ndryshimeve të rëndësishme ligjore lidhur me kompetencat e vetëqeverisjes lokale dhe shumë aktivitete tjera. Një pjesë e delegatëve theksuan se funksionaliteti i BNJVL-së nuk guxon të vihet në pikëpyetje për shkak të mospagesës së anëtarësimit, pas së cilës Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së votoi për propozim-masat për nxitjen e arkëtimit të shpejtë të anëtarësimit në BNJVL, ndër të cilat ishte edhe masa se nëse komuna ka borxh ndaj BNJVL-së dhe nuk i shfrytëzon mundësitë e treguara, ose nuk e respekton marrëveshjen e lidhur për shlyerjen e borxhit, t'i nënshtrohet procedurave shtesë për pamundësimin e shfrytëzimit të shërbimeve të caktuara nga BNJVL deri nëkthimin e borxhit.

**Kuvendi Gjeneral e autorizoi Bordin drejtues të bëjë plan dhe program në pjesën e avancimit të mundësive për përmirësim të gjendjeve dhe financimit të njësive zjarrfikëse**

Para të pranishmëve, kryetari i Komunës së Kumanovës, Maksim Dimitrievski, prezantoi analizat e financimit dhe gjendjes së pajisjeve të njësive territoriale të zjarrfikësve





противпожарните територијални единици (ППТЕ), како и мерките што беа усвоени од Управниот одбор на 17. седница за преземање на следни чекори кон решавање на предизвиците. Беше нагласено дека овие мерки се донесени едногласно од сите членови на УО и дека немаат никаква политичка конотација, туку дека се во интерес на општините, а пред сè во интерес на граѓаните на нашата земја. Станува збор за човечки судбини и заштита на нивните имоти при пожари, каде што одговорноста на локалната власт е огромна. Несоодветното финансирање од страна на централната власт и непочитувањето на законските одредби што ги донела, го доведува во прашање квалитетното спроведување на оваа надлежност на општините. Присутните, само со еден глас против и еден воздржан, ги изгласаа мерките со кои Генералното собрание го овласти Управниот одбор да направи план и програма за унапредување на можностите за подобрување на состојбите и финансирање на противпожарните единици, и беше предложено општините да организираат мирен протест пред Владата на РСМ како знак на општо незадоволство од третманот на централната власт кон општините во однос на оваа надлежност. Доколку е потребно, ќе биде отпочнат и процес на поединечно изјаснување на општините за натамошно вршење на оваа надлежност. Игнорантскиот однос на централната власт кон општините ја доведе и противпожарната заштита во земјата на најниско ниво, што е погубно за сите граѓани во оваа земја, а не само за општините. Градоначалникот Димитриевски беше дециден дека не може да се дозволи и понатаму огромен дел од својот буџет да трошат за оваа намена, презентирајќи ја анализата што ја направи ЗЕЛС за финансиите што ги добиваат општините од централната власт и оние што самите ги издвојуваат, како и за опременоста и бројот на пожарникари во ППТЕ во согласност со Законот. Димитриевски, исто така, посочи дека преговорите со централната власт ќе продолжат, но доколку и понатаму се нема слух за алармантната состојба со противпожарните единици, ќе треба да се дејствува со конкретни мерки.

Генералното собрание ги изгласа и предложените промени во составот на Комитетот на советите при ЗЕЛС. На местото на претседателката на Советот на Општина Старо Нагоричане, Сашка Крстевска Павловска, предложена е претседателката на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска, а на местото на претседателот на Советот на Општина Боговиње, Илир Елези, предложен е претседателот на Советот на Општина Тетово, Бесар Дурмиши. Повторно беше нагласено дека сите претставници од локалната власт во сите органи и тела на ЗЕЛС или во нејзино име номинирани во домашни и меѓународни организации, одговорно да ја вршат својата обврска, а најмалку што можат да направат е да присуствуваат на состаноците организирани од нивна страна.

**Презентирани чекорите на МЖСПП за реализација на двата заема на државата за проекти за подобрување на условите и услугите на граѓаните**

На оваа седница на Генералното собрание беше поканета и претставничка од Министерството за животна средина

(NJTZF) si dhe masat që janë miratuar nga Bordi drejtues në seancë e 17-të për të ndërmarrë hapat e ardhshëm drejt zgjidhjes së sfidave. U theksua se këto masa janë miratuar njëzëri nga të gjithë anëtarët e Bordit drejtues dhe se nuk kanë asnjë konotacion politik, por se janë në interes të komunave dhe mbi të gjitha në interes të qytetarëve të vendit tonë. Bëhet fjalë për fatet e njerëzve dhe mbrojtjen e pronave të tyre gjatë zjarreve, ku përgjegjësia e pushtetit vendor është e madhe. Financimi i pamjaftueshëm nga pushteti qendror dhe mosrespektimi i dispozitave ligjore ka vënë në pikëpyetje zbatimin cilësor të kësaj kompetence nga komunat. Të pranishmit me vetëm një votë kundër dhe një abstenim votuan për masat me të cilat Kuvendi Gjeneral e autorizoi Bordin drejtues për të bërë një plan dhe program në fushën e promovimit të mundësive për përmirësimin e kushteve dhe financimin e njësive zjarrfikëse dhe u sugjerua që komunat të organizojnë një protestë paqësore para Qeverisë së RMV në shenjë të pakënaqësisë së përgjithshme me trajtimin e komunave nga pushteti qendror në lidhje me këtë kompetencë. Nëse është e nevojshme, do të inicohet një proces i deklarimit individual të komunave për ushtrimin e mëtejshëm të kësaj kompetence. Qëndrimi injorues i pushtetit qendror ndaj komunave e çoi mbrojtjen nga zjarri në vend në nivelin më të ulët, gjë që është katastrofike për të gjithë qytetarët në këtë vend, jo vetëm për komunat. Kryetari Dimitrievski u shpreh i vendosur se nuk mund t'u lejohet të vazhdojnë të shpenzojnë një pjesë të madhe të buxhetit të tyre për këtë qëllim, duke prezantuar analizën e BNJVL-së për financat që komunat i marrin nga pushteti qendror dhe ato që i ndajnë vetë për pajisjet dhe numrin e zjarrfikësve në NJTZF në përputhje me Ligjin. Dimitrievski gjithashtu tregoi se negociatat me pushtetin qendror do të vazhdojnë, por nëse ende nuk ka lajme për gjendjen alarmante me njësitë zjarrfikëse, do të duhet të merren masa konkrete.

Kuvendi i Përgjithshëm votoi edhe për ndryshimet e propozuara në përbërjen e Komitetit të Këshillave në BNJVL. Në vend të kryetares së Këshillit të Komunës së Staro Nagoriçanit, Sashka Kërstevska Pavllovska, u propozua kryetarja e Këshillit të Komunës së Kriva Pallankës, Izabella Pavllovska dhe në vend të kryetarit të Këshillit të Komunës së Bogovinës, Ilir Elezi, është propozuar kryetari i Këshillit të Komunës së Tetovës Besar Durmishi. Përsëri u theksua se të gjithë përfaqësuesit e pushtetit lokal në të gjitha trupat dhe organet e BNJVL-së ose të emëruar në emër të saj në organizatat vendore dhe ndërkombëtare duhet t'i kryejnë obligimet e tyre dhe më së paku që mund të bëjnë është të marrin pjesë në takimet e organizuara prej tyre.

**U prezantuan hapat e MMJPH lidhur me realizimin e dy kredive të shtetit për projektet për përmirësimin e kushteve dhe shërbimeve të qytetarëve**

Në këtë seancë të Kuvendit Gjeneral ishte e ftuar edhe përfaqësuesja e Ministrisë për mjedis jetësor dhe





и просторно планирање, Тања Пауновска, раководител на Секторот за соработка со единиците на локалната самоуправа, која ги презентираше активностите во рамките на двата големи заема на државата за подобрување на условите и услугите на граѓаните, за чија реализација е одговорно ова министерство. Станува збор за заемот од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка) во висина од 50 милиони евра наменет за подобрување на општинските услуги и заемот од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во висина од 55 милиони евра, наменет за воспоставување на регионален систем за управување со отпадот (регионални депонии).

Во однос на реализацијата на средствата од Светската банка, за подобрување на општински услуги, беше посочено дека за да може да се обезбеди најефикасен и најекономичен начин за користење на овие средства од страна на локалната власт, неопходно е уште на самиот почеток да се идентификуваат реалните потреби на единиците на локалната самоуправа, да се направи добра анализа, проверка на состојбите, а за што на МЖСПП му е потребна поддршка од ЗЕЛС. Присутните беа информирани дека се формирани два тима во Министерството од по шест лица и дека во тек се конкурсите за ангажирање на надворешни експерти, како и дека се подготвува методологија за условите и за распределбата на средствата. Беше изразена надеж дека до крајот на годината, општините ќе може да аплицираат на јавниот повик, при што беше посочено дека имаат отворени врати од МЖСПП за сите дилеми, помош и информации што им се потребни при подготовката на апликациите. Од присутните делегати беше искажана загриженост дали навистина со толку малку луѓе од Министерството, вклучени во процесот, ќе може да се успее во управувањето со оваа висока сума на средства и беше понудено користење на сите расположливи капацитети од локалната власт за заемна соработка за остварување на крајната цел – обезбедување на поквалитетни услуги за сите граѓани. Особено беше нагласено дека можеби е подобро тендерските постапки да ги води секоја општина посебно, не како што е случај со другите министерства кои постапките ги водат долго и проектите остануваа нереализирани со години. Исто така, беше нагласено дека би било целисходно доколку ЗЕЛС и општините се вклучат уште на самиот почеток при утврдувањето на критериумите за распределба на овие средства.

Во однос на вториот проект за воспоставување на регионален систем за управување со отпадот, претставничката од МЖСПП информираше дека средствата од ЕБОР ќе се искористат за обезбедување дополнителна документација, онаму каде што недостасува; изградба на претоварни станици и за набавка на опрема и средства за транспорт за општините (јавните комунални претпријатија) за селектирање и депонирање на отпадот. Тука беше нагласена потребата за поголема соработка и отвореност на општините во целиот процес, во кој освен набавка на потребната опрема ќе се реализира и кампања за запознавање на населението со процесите кои ќе треба да ги примени секој граѓанин или организација при селектирањето и одложувањето на отпадот, соработката со регионалните центри и со јавните комунални претпријатија. Таа потсети на законските обврски за општините, меѓу кои и обврската за склучување на договори со колективните постапувачи.

На седницата, на присутните делегати им се обрати градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов, кој побара ЗЕЛС да се обрати до Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) во однос на итна исплата на средствата од програмата за реконструкција и санација на патиштата. Методологијата е променета, во изминатиот период износот на средства бил поголем, а согласно со

planifikimit hapësinor, Tanja Paunovska, udhëheqëse e sektorit për bashkëpunim me njësitë e vetëqeverisjes lokale, e cila prezantoi aktivitetet në kuadër të dy kredive të mëdha të shtetit për të përmirësuar kushtet dhe shërbimet e qytetarëve, për zbatimin e të cilave është kontraktuar kjo ministri. Bëhet fjalë për kredinë nga Banka Ndërkombëtare për Rindërtim dhe Zhvillim (Banka Botërore) në vlerë prej 50 milionë euro të dedikuar për përmirësimin e shërbimeve komunale dhe një kredi nga Banka Evropiane për Rindërtim dhe Zhvillim (BERZH) në vlerë prej 55 milionë euro të dedikuara për ngritjen e një sistemi rajonal të menaxhimit të mbetjeve (landfillet rajonale).

Lidhur me realizimin e mjeteve nga Banka Botërore për përmirësimin e shërbimeve komunale, u përmend se që të mund të sigurohet mënyrë më efikase dhe më ekonomike për shfrytëzimin e mjeteve nga ana e pushtetit lokal, detyrimisht është që në vetë fillimin të indentifikohen nevojat reale të njësive të vetëqeverisjes lokale, të bëhet analizë e mirë, skrining i gjendjeve, me ç'rast MMJPH-së i duhet përkrahje nga BNJVL. Të pranishmit u informuan se me dy ekipet e formuara në ministri me nga gjashtë persona dhe se në rrjedhë është konkursi për angazhimin e ekspertëve të jashtëm, si dhe përpilohet metodologji për kushtet dhe për shpërndarjen e mjeteve. U tregua qëndrim shpresëdhënës se deri në fund të vitit komunat do të mund të aplikojnë në thirrjen publike dhe u theksua se kanë dyert e hapura nga Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor për të gjitha dilemat, ndihmën dhe informacionin që u nevojitet në përpilimin e aplikacioneve. Nga delegatët e pranishëm u shpreh shqetësimi nëse me kaq pak njerëz të përfshirë në këtë proces nga ministria do të ishte e mundur të arrinte sukses gjatë gjithë procesit të menaxhimit të kësaj sasie të madhe mjetesh dhe u bë një kundërofertë për të shfrytëzuar të gjitha kapacitetet në dispozicion të pushtetit lokal për bashkëpunim të ndërsjellë për arritjen e qëllimit përfundimtar – ofrimin e shërbimeve më cilësore për të gjithë qytetarët. Në veçanti, u theksua se do të ishte më mirë që procedurat e tenderit të kryheshin nga secila komunë veç e veç, jo siç është rasti me ministritë e tjera që udhëheqin procedurat për një kohë të gjatë dhe projektet mbetën të parealizuara prej vitesh. Gjithashtu u theksua se do të ishte e përshtatshme nëse BNJVL dhe komunat të përfshiheshin që në fillim në përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e këtyre mjeteve. Lidhur me projektin e dytë për themelimin e sistemit rajonal të menaxhimit të mbeturinave, përfaqësuesi i Ministrisë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor informoi se fondet nga BERZH do të përdoren për sigurimin e dokumentacionit shtesë, aty ku mungon; ndërtimi i stacioneve të transportit dhe furnizimii pajisjeve dhe mjeteve të transportit për komunat (ndërmarrjet publike) për selektimin dhe deponimin e mbeturinave. Këtu u theksua nevoja për bashkëpunim dhe transparencë më të madhe të komunave në të gjithë procesin, në të cilën përveç blerjes së pajisjeve të nevojshme, do të zbatohet një fushatë për njohjen e popullatës me proceset që do të ketë çdo qytetar apo organizatë të zbatojnë gjatë selektimit dhe deponimitt të mbeturinave, bashkëpunimi me qendrat rajonale dhe ndërmarrjet komunale publike. Ajo kujtoi detyrimet ligjore për komunat në këtë drejtim, duke përfshirë edhe detyrimin për të lidhur marrëveshje me vepruesit kolektivë.

Në seancë delegatëve të pranishëm i'u drejtua edhe kryetari i komunës së Koçanit, Ljupço Papazov i cili kërkoi që BNJVL të drejtohet në Ndërmarrjen publike për rrugë shtetërore (NPRSH) lidhur me pagesën urgjente të mjeteve nga programi për rikonstruksion dhe sanim të rrugëve. Metodologjia është ndryshuar, në periudhën e kaluar shuma e mjeteve ka qenë më e madhe, ndërsa konform metodologjisë

важечката методологија, ЈПДП сè уште ги нема исплатено средствата. Оттука, од ЗЕЛС беше побарано да се обрати до ова претпријатие со вакво барање кое би се однесувало на сите општини.

На крајот од седницата, претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, уште еднаш нагласи дека сите активности што ќе се спроведуваат од ЗЕЛС не смеат да имаат никаква политичка заднина и конотација туку задолжително ќе бидат во интерес на сите општини, а тоа значи во интерес на сите граѓани. Исто така, дека и тој лично ќе се залага ЗЕЛС, како и досега, да го одржува единството на сите општини и да не дозволува централната власт и понатаму да се однесува индиферентно кон локалната власт.

ekzistuese NPRSH akoma nuk i ka paguar mjetet, Që këtu nga BNJVL është kërkuar të drejtohet në këtë ndërmarrje me kërkesë të këtillë që do t'i referohej të gjitha komunave.

Në fund të seancës Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski edhe një herë përmendi të gjitha aktivitetet që do të zbatohen nga ana e BNJVL-së nuk guxojnë të kenë asnjë prapavijë politike dhe konotacion, por detyrimisht të jenë në interesin e të gjitha komunave, ndërsa kjo do të thotë se ai do të synojë që BNJVL si edhe deri më tani të mbajë unitetin e të gjitha komunave dhe të mos lejojë që pushteti qendror edhe më tej të sillet në mënyrë indiferente ndaj pushtetit lokal.

## ЗЕЛС ОРГАНИЗИРАШЕ ОБУКА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕСПЕО

„Постапки и алатки за внесување на податоци во електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО)" беше насловот на обуката наменета за вработените во одделенијата за финансии во општините, членови на Мрежата за финансиски работници при ЗЕЛС, што се одржа на 17 мај 2023 година, во административната зграда на ЗЕЛС. Обуката ја организираше ЗЕЛС, во соработка со Министерството за финансии, а по барање на поголем број општини, со цел надминување на сите предизвици со кои се соочуваат финансиските работници при пополнувањето на податоците во овој електронски систем. Беа реализирани две сесии, од кои на првата присуствуваа претставници од општините од: Скопскиот, Полошкиот, Североисточниот и Југозападниот плански регион, а втората група ја сочинуваа претставници од: Источниот, Југоисточниот, Вардарскиот и Пелагонискиот плански регион.

Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО) овозможува прибирање, евиденција и објавување на пријавените податоци од страна на субјектите за преземените, а недоспеани и доспеани, неплатени обврски на субјектите. Согласно со Законот за пријавување и евиденција на обврски, субјекти што се обврзани да ги пријават обврските се: органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, установите и институциите што вршат дејности од областа на културата, образованието, здравството, детската, социјалната заштита, како и во другите дејности од јавен интерес утврдени со закон, основани од државата или од единиците на локалната самоуправа; јавните претпријатија, трговските друштва во сопственост на државата и други правни лица чиј основач е државата или единиците на локалната самоуправа.



## BNJVL ORGANIZOI TRAJNIM PËR TË PUNËSUARIT FINANCIAR NGA KOMUNAT PËR SHFRYTËZIMIN E SERED

„Procedurat dhe veglat për vendosjen e të dhënave në sistemin elektronik për regjistrimin dhe evidencën e detyrimeve (SERED)" ishte titulli i temës së trajnimit të dedikuar për të punësuarit në seksionet për financa në komunat – anëtarët e Rrjetit për punonjësit financiarë në kuadër të BNJVL-së, që u mbajt më 17 maj, 2023 në ndërtesën administrative të BNJVL. Trajnimin e organizoi BNJVL në bashkëpunim me Ministrinë për financa, ndërsa në kërkesë të një numri më të madh të komunave, me qëllim tejkalimi të të gjitha sfidave me të cilat ballafaqohen punonjësit financiarë gjatë plotësimit të të dhënave në këtë sistem elektronik. U realizuan dy sesione, prej të cilave në të parën morrën pjesë përfaqësuesit e komunave nga: Rajoni Planifikues i Shkupit, i Pollogut, Rajoni Planifikues Verilindor dhe Rajoni Planifikues Jugperëndimor, ndërsa grupin e dytë e përbëjnë përfaqësuesit e Rajonit Planifikues Lindor, Juglindor, i Vardarit dhe Rajoni Planifikues i Pellagonisë.

Sistemi elektronik i regjistrimit dhe regjistrimit të detyrimeve (SERED) mundëson mbledhjen, regjistrimin dhe publikimin e të dhënave të raportuara nga subjektet për detyrimet e ndërmarra dhe të papaguara dhe të papaguara të subjekteve. Sipas Ligjit për raportimin dhe evidentimin e detyrimeve, subjektet që obligohen të raportojnë detyrimet janë: organet e qeverisjes shtetërore, njësitë e vetëqeverisjes lokale, institucionet dhe institucionet që kryejnë veprimtari në fushën e kulturës, arsimit, shëndetësisë, fëmijëve, mbrojtjes sociale, si dhe në veprimtari të tjera me interes publik të përcaktuara me ligj, të krijuara nga shteti ose njësitë e vetëqeverisjes vendore; ndërmarrjet publike, shoqëritë tregtare shtetërore dhe personat e tjerë juridikë të themeluar nga shteti ose njësitë e vetëqeverisjes lokale.



## ЕСПЕО за поголема транспарентност и јакнење на одговорноста при располагање со јавните средства

